# 296. ДАЛИ ПАМТИШ МИЛО ЛИБЕ




Дали памтиш мило либе,
когај ние се љубевме,
како два бели голаби,
вишно вито полетавме.

Нели бевме мило либе,
трендафил два румени,
в мајско утро расц'фтени,
еден до друг посадени.

Кој ни скрши мило либе,
крилца бели та паднавме,
крилцата ни се скршија,
мене тешко ме ранија.

Али никна мило либе,
триот што не нас раздели,
еден од друг на две страни,
еден од друг тешки рани,
еден од друг на две страни.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995